# ФЛУИДИНГ

*Пластификатор за бетон и малтер*
*Одговара на: EN 934-2:T2*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Подготовка на “стандардни“ бетонски мешавини наменети за изведба на различни позиции кај градежните објекти (темелни и други подземни конструкции, индустриски подови, АБ столбови, греди, меѓукатни конструкции, бетонски коловозни конструкции, хидротехнички објекти, потпорни ѕидови и др.)
Подготовка на бетонски мешавини кои се вградуваат со пумпа;
Бетонирање градежни елементи со густо армирани пресеци;
Подготовка на цементни инјекциони смеси;
Подготовка на економични бетони со оптимален однос помеѓу компонентите и перформансите на бетонот;

## СВОЈСТВА

- Овозможува редукција на вода до 15%;
- Ја подобрува обработливоста на бетонот без дополнително додавање на вода;
- Го олеснува вградувањето и ја подобрува компактноста на бетонот;
- Ја зголемува водонепропусноста на бетонот;
- Ги подобрува физичко-механичките карактеристики на бетонот (зголемени почетни и крајни јакосни карактеристики);

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | Кафена течност |
| Волуменска маса (на 20˚C) | ISO 758 | (1.02-1.06) g/cm$^3$ |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤6,0% |
| pH вредност (на 20˚C) | ISO 4316 | 2-4 |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Оптималното дозирање на Флуидинг се движи од 0,3 до 1,0 % во однос на количеството на цемент во бетонската мешавина. При вакво дозирање се постигнува редукција на вода до 15 %. Притоа, соодветно се постигнува покачување на раните и крајните јакосни карактеристики на бетонот.
Оптималното дозирање на Флуидинг најдобро се одредува со претходни лабораториски или индустриски испитувања.
Во услови на високи амбиентални температури, или во случај кога производството, транспортот и вградувањето на бетонот трае подолго од 60 минути, во бетонската мешавина наместо Флуидинг, препорачливо е да се користи Флуидинг М или Флуидинг М1М, или дополнителнода се дозира адитив за успорување на врзувањето на бетонот со Успорувач Д2.
Дозирањето на адитивите се врши рачно или автоматски во текот на производството на бетонот. Најдобар ефект се постигнува кога Флуидинг се додава заедно со последните 20 – 30 % од потребната вода во бетонот, во претходно измешани агрегат, цемент и 80 % од вода во бетонот.



ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Препорачано е времетраењето на мешањето на свежиот бетон со додаток на Флуидинг да не трае пократко од 90 секунди.
**Ефекти од предозирање:** Превисоко дозирање на Флуидинг може да предизвика сегрегација на бетонот, а потоа и нагло губење на обработливоста и почеток на врзување на бетонот.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Флуидинг е компатибилен со сите адитиви од програмата на АДИНГ, освен со адитивите на база на нафтален (Суперфлуид, Суперфлуид М1, Суперфлуид М1М, Суперфлуид Т, Хидрофоб Флуид). Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат претходни проби. Различните адитиви се дозираат посебно, односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлањето во бетонската мешавина. Флуидинг е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 20 kg
Буриња: 200 kg
Контејнери: 1000 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија
08

GAAA001/6

EN 934-2:2009+A1:2012

**ФЛУИДИНГ**

Адитив за бетон, пластификатор
EN 934-2:T2

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 6,0% по маса** |
| Корозивно делување | **Ги содржи следните компоненти од EN 934-1:2008, Анекс А.2: Тиоцијанати** |

Опасност по здравјето: Флуидинг не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Флуидинг е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Флуидинг се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.